**ОПШТИНА БИТОЛА**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА БИТОЛА ЗА 2020 ГОДИНА


Предлагач:
Градоначалник на Општина Битола
м-р Наташа Петровска

Изготвил:
Благица Талевска
рак.на одд за буџетска координација
Контролирал
Наташа Лукиќ
Пом.рак.на Сектор за Финансиски прашања


*Битола, март 2021 година*

Содржина:

- Вовед 2
- Годишна сметка / наративен дел 3
- Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност 16
- Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капителните и блок дотации, дотацииите за делегирани надлежности 20
- Изјава од одговорниот сметководител
- Прилози
- Бруто биланс сметка Буџет
- Биланс на состојба сметка Орган
- Изјава од овластениот книговодител

## 1.Вовед

### Основни податоци за Општината

Број на жители 95385
Површина и населени места 794,53 км2

Битола е лоцирана во југозападниот дел на Македонија и се наоѓа на само 13 км оддалеченост од границите на ЕУ.Битола е еден од најголемите градови во Македонија, со околу 95385 жители во градот и околните 64 рурални населби. Градот има долга и богата историја која допира дури до неолитскиот период.

### Надлежност

Согласно одредбите на Законот за локална самоуправа и Статутот на општина Битола во кои е уредено вршењето на работите од јавен интерес, како и работите кои не се исклучени од надлежност на општините или не се во надлежност на државните органи, Општината врши работи од јавен интерес од локално значење.Во таа насока надлежности, односно работи од јавен интерес од локално значење се:

- Урбанистичко планирање, издавање на одобрение за градење на објекти од локално значење, уредување на просторот и на градежното земјиште;
- Заштита на животната средина и природата, со преземање на мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето;
- Локален економски развој, водење на локална економска политика;
- Комунални дејности, пред се снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода, пречистување на отпадни води, јавно осветлување, одржување на јавна чистота, собирање, транспортирање на комунален цврст и технолошки отпад, изградба, одржување и реконструкција на локални патишата и друг вид комунални дејности;
- Култура, преку институционална и финансиска поддршка на културните установи и
 проекти;
- Образование, основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт;
- Социјална и детска заштита, изградба и одржување на детски градинки и домови за стари, социјална грижа за инвалидните лица, деца со посебни потреби, деца без родители и друго;
- Заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разузнувања,
 природни непогоди;
- Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици;
- Надзор над вршењето на работите од нејзината надлежност.

**Буџет и Одлука за извршување на Буџетот на Општината**

Претпоставките врз основа на кои се заснива подготвувањето на Буџетот на Општина Битола произлегуваат од законските и подзаконските прописи со кои се уредени правата, обврските и надлежностите на Општината Битола, Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. 5/2002),Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ( Службен весник на Р.М. бр 61/04, 96/04 и 156/09), Законот за буџетите (Службен весник број 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11,171/12, 192/15 и 167/16), макроекономските индикатори, фискалната политика на Владата на Република Северна Македонија, вклучувајќи ги и основните насоки за поготовка на Буџетот за 2020 година добиени од Министерството за Финансии на Република Северна Македонија.

Советот на Општина Битола на седница одржана на ден 27.12.2019 година , го донесе Буџетот на Општина Битола за 2020 година. На истата седница е донесена и Одлуката за извршување на буџетот на Општина Битола за 2020 година.

Во текот на 2020 година се донесени шест Одлуки за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2020 година ( пренамена) и тоа на : 53-тата седница одржана на ден 29.04.2020 година, 54-та седница одржана на ден 21.05.2020 година,55-та седница одржана на ден 11.06.2020 година,56-тата седница одржана на ден 22.06.2020 година, 58-та одржана на ден 11.08.2020 година и на 64-тата седница одржана на ден 11.12.2020 година и пет Одлуки за проширување на Буџетот на Општина Битола донесени на 52-та седница одржана на ден 09.03.2020 година, 53-тата седница одржана на ден 29.04.2020 година,54-тата седница одржана на ден 21.05.2020 година , на 55-тата седница одржана на ден 11.06.2020 година и на 63-тата седница одржана на ден 12.11.2020 година.

Усвоени е една Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Битола за 2020 година донесени на 60-тата седница на Совет на Општина Битола одржана на ден 10.09.2020 година . Исто така, усвоени се две Измени на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Битола за 2020 година. Измените и дополнувањата беа извршени заради усогласување на приходниот со расходниот дел во основнот буџет, како и заради потребите од усогласување на приходите и расходите на буџетите на локалните јавни установи .

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

## 2. ГОДИШНА СМЕТКА

### 2.1.Приходи на Општината

Успешноста на планирањето се согледува низ споредбени показатели или соодност на планираните и реализираните приходи во буџетот.Тие показатели ќе ја дадат и оценката за успешноста во работењето на даночната администрација пред се во планирањето и наплатата на сопствените општински приходи, како и напорите кои ги прават органите на општина Битола со цел обезбедување на дополнителни средства од програмите на надлежните министерства и донации од земјата и странство со што би се реализирале одредени проекти потребни за општината.

***Даночните приходи се остварени како резултат на:***

- 38246 решенија на данок на имот,
- 5208 решенија за фирмарина,
- 1184 решенија за купопродажба,
- 1405 решенија за наследство и подарок,
- 68 решенија за комунална такса за музика во јавни локали,
- 123 пресметки за уредување на градежно земјиште,

издавање на одобренија за 132 прекопи на објекти од комунална инфраструктура,

- 7 барања за издавање на дозвола за вградување на подземни инсталации,
- 11 издадени лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници, дозволи за општински линиски превоз 11, изводи од лиценци 19, дозволи за движење по широк сокак 2, одобренија за вонреден превоз 6.
- 185 одобренија за градење, 8 проекти за инфраструктура, 34 елаборати за животна средина,АУП 7 и др.

***Неданочните приходи се резултат на:***

- 235 издадени одобренија за користење на урбана опрема, издадени
- 996 излезни фактури за закупнини,
- 395 уверенија за куќен број,
- 1394 изводи од план,
- 277 уверенија во или вон градежен регион
- 15 запишување на ифраструктурни објекти
- 400 индикации
- 1200 прибележување, предбележување, запишување на одобренијата во катастар (физичка делба,промена на култура, легализација и др),имотни листови , историјати, исправки на технички грешки и др приходи.

***Дел од капиталните приходи*** се остварени како резултат на изготвени урбанистички согласности и пресметки за надомест за бесправно изградени објекти.

***Трансферите ги сочинуваат*** трансферите од Агенцијата за патишта за средства од зимската служба, Дотациите од ДДВ, трансфери од Министерство за животна средина од Фондот за води за водовод во с. Лисолај, од Агенцијата за рурален развој за урбанистички планови во с. Дихово и с. Нижополе и пренесениот вишок на приходи од минатата година.

**На сметката Основен буџет на Општина Битола планирани се и реализирани следните приходи:**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **1.066.771.408** | **685.459.823** |
| **71 Даночни приходи** | **364.655.080** | **331.847.477** |
| 711 Данок од доход, добивка и капитални добивки | 30.505.000 | 30.351.570 |
| 713 Даноци на имот | 134.200.000 | 138.773.068 |
| 717 Даноци на специфични услуги | 164.430.618 | 140.132.146 |

| | | |
|---|---|---|
| 718 Такси за користење или дозволи за вршење дејност | 35.519.462 | 22.590.693 |
| **72 Неданочни приходи** | **19.252.000** | **16.932.161** |
| 722 Глоби, судски и административни такси | 3.002.000 | 2.584.808 |
| 723  Такси и надоместоци | 10.000.000 | 9.689.822 |
| 725 Други неданочни приходи | 6.250.000 | 4.657.531 |
| **73 Капитални приходи** | **70.169.648** | **126.794.231** |
| 731 Продажба на капитални средства | 1.149.863 | 1.149.863 |
| 733 Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 69.019.785 | 125.644.368 |
| **74 Трансфери и донации** | **612.694.680** | **209.885.954** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 612.694.680 | 209.885.954 |




**сл.1 Вкупни приходи сметка Основен буџет**

Графички вкупните приходи на основниот буџет се прикажани на слика 1. Од сликата можат да се утврдат позитивните и/или негативните трендови на планирање или отстапувања доколку за истите се утврди дека ги има.

## 71 Планираните даночни приходи се остварени со 91 %

Ставка 711- Данок од доход, од добивка, и од капитални добивки, од планираните 30.505.000,00 денари од вкупниот буџет, отварени приходи се во износ од 30.351.570,00 денари или 99,50 %.

Ставка 713-Данок на имот од планираните во вкупниот буџет 134.200.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 138.773.068,00 денари или над планираниот износ.

Ставка 717- Данок на специфични услуги од планираните 164.430.618,00 денари остварени приходи се во износ од 140.132.146,00 денари, или 85,22%.

Ставка 718 - Такси за користење или дозволи за вршење дејност од планираните 35.519.462,00 денари остварени се 22.590.693,00 денари, 63,60 %.

**72 Планираните неданочни приходи се остварени со 87,95 %**

Ставка 722- Глоби,судски и административни такси од планираните 3.002.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 2.584.808,00 денари или 86,10%.

Ставка 723- Такси и надоместоци во од планираните 10.000.000,00 денари остварени приходи се во износ од 9.689.822,00 денари, или 96,90 %.

Ставка 725-Други неданочни приходи од планираните 6.250.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 4.657.531,00 денари , или 74,52%.

**73 Планираните капитални приходи остварени се со 100%**

Ставка 731-Продажба на капитални средства од планираните 1.149.863,00 денари, остварени се приходи од 1.149.863,00 денари или 100 %.

Ставка 733-Продажба на земјиште и нематеријални вложувања од планираните 69.019.785,00 денари, остварени се приходи од 125.644.368,00 денари или над планираниот износ.

**74 Планираните трансфери и донации оставарени се со 34,26%**

Ставка 741- Трансфери од други нивоа на власт од планираните 612.694.680,00 денари, остварени се приходи во износ од 209.885.954,00 денари или 34,26%.

**Вкупните приходи на Општина Битола во 2019 година се реализирани со 64,26 %.**

**На сметката Самофинансирачки активности планирани се и реализирани следните приходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **117.960.220** | **38.513.610** |
| **72 Неданочни приходи** | **117.960.220** | **38.221.415** |
| 721 Претприемачки приход и приход од имот | | 15.750 |
| 722 Глоби, судски и административни такси | 2.000 | 2.500 |
| 723 Такси и надоместоци | 109.569.520 | 33.652.986 |
| 725 Други неданочни приходи | 8.388.700 | 4.550.179 |
| **74 Трансфери и донации** | | |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | | 292.195 |




**сл.2 Вкупни приходи сметка Самофинсирачки активности**

**Вкупните приходи на сметката Самофинансирачки активности се реализирани со 32,65%.**
Поодделно остварувањето на приходите кај локалните јавни установи Советот на Општина Битола ќе може да ги констатира преку разгледување на завршните сметки на локалните јавни установи.

### На сметката Донации планирани се и реализирани следните приходи

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **142.539.357** | **38.145.590** |
| **74 Трансфери и донации** | **142.539.357** | **38.145.590** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 306 | |
| 742 Донации од странство | 135.518.834 | 37.722.074 |
| 744 Тековни донации | 7.020.217 | 423.516 |




**сл.3 Вкупни приходи сметка Донации**
Графичкиот приказ покажува колку средства се остварени од Донации во општината, и локалните јавни установи

До крајот на 2020 година остварени се приходи по основ на Донации и тоа;

**Во сметките за Донации** планирани со вкупен износ 142.539.357,00 денари донациите на основните и средни училишта, детските градинки,општината на оваа сметка има остварување на приход од 38.145.590,00 денари или 26,76 %.

## 2.2 Расходи на Општината

Законските прописи и програмското планирање се основа за планирање на расходната страна на буџетот на Општина Битола.Под програмско планирање се донесените програмите од страна на Советот на Општина Битола утврдени согласно со надлежностите.

Расходната страна на Основниот буџет на Општината Битола може да се прикажува по видови по сметкии и програми.Согласно програмската класификација во Буџетот на Општина Битола се опфатени 30 програми. Реализацијата на расходите во текот на цела 2020 година, е извршена како резултат на спроведени **161 постапки за јавни набавки** од одделението за јавни набавки, добиени **2154 фактури** во одделението за сметководство и други расходи предвидени согласно Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. 5/2002) и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на Р.М. бр 61/04, 96/04 и 156/09).

**На сметката на основниот буџет на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи;**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **1.066.771.408** | **685.459.823** |
| **40 Плати, наеминини и надоместоци** | **87.938.024** | **74.057.806** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 56.892.600 | 46.656.491 |
| 402 Придонес за социјално осигурување | 21.089.800 | 17.854.765 |
| 404 Надоместоци | 9.955.624 | 9.546.550 |
| **41 Резерви и недефинирани расходи** | **1.700.000** | |
| 412 Постојана резерва | 1.500.000 | |
| 413 Тековни резерви | 200.000 | |
| **42 Стоки и услуги** | **242.264.109** | **179.677.060** |
| 420 Патни и дневни расходи | 1.370.000 | 272.672 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 83.509.816 | 60.919.768 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 13.196.202 | 6.448.105 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 98.432.623 | 85.524.421 |
| 425 Договорни услуги | 21.527.655 | 10.847.563 |
| 426 Тековни расходи | 17.227.813 | 9.762.241 |
| 427 Привремени вработувања | 7.000.000 | 5.902.290 |
| **45 Каматни плаќања** | **135.000** | **134.452** |
| 452 Каматни плаќања за домашни задолжувања | 135.000 | 134.452 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **251.870.769** | **234.294.715** |
| 463 Трансфери до невладини организации | 35.300.000 | 32.976.406 |
| 464 Разни трансфери | 213.070.769 | 199.223.323 |
| 465 Исплата по извршни расправи | 3.500.000 | 2.094.986 |

| | | |
|---|---|---|
| **47 Социјални бенифиции** | **6.850.000** | **6.714.513** |
| 471 Социјални надоместоци | 6.850.000 | 6.714.513 |
| **48 Капитални расходи** | **461.731.506** | **176.299.565** |
| 480 Купување на опрема и машини | 20.433.495 | 8.029.568 |
| 482 Други градежни објекти | 410.578.011 | 159.066.011 |
| 483 Купување на мебел | 230.000 | |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 12.500.000 | 9.203.986 |
| 486 Купување на возила | 17.990.000 | |
| **49 Отплата на главница** | **14.282.000** | **14.281.712** |
| 491 Отплата на главнина | 14.282.000 | 14.281.712 |

**сл.4 Вкупни расходи сметка Основен буџет**




## *Вкупни тековни оперативни расходи:*

Ставка 401-Основни плати реализирани се расходи во износ од 46.656.491,00 денари, од вкупно планираните во буџетот 56.892.600,00 денари.

Ставка 402-Придонеси од социјално осигурување од работодавачите, реализирани се трошоци во износ од 17.854.765,00 денари од вкупно планирани во буџетот 21.089.800,00 денари.

Ставка 404- Надоместоци реализирани се трошоци од 9.546.550,00 денари од планираните 9.955.624,00 денари.

Ставка 412- Постојана резерва не е реализирана, од планираните 1.500.000,00 денари.

Ставка 413- Тековни резерви не се реализирани трошоци од планираните 200.000,00 денари.

Ставка 420- Патни и дневни расходи реализирани се расходи во износ од 272.672,00 денари од планираните 1.370.000,00 денари.

Ставка 421-Комунални услуги ,греење, комуникација и транспорт реализирани се расходи во износ од 60.919.768,00 денари, од планираните 83.509.816,00 денари.

Ставка 423- Материјали и ситен инвентар реализирани се расходи во износ од 6.448.105,00 денари, од планираните 13.196.202,00 денари.

Ставка 424-Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во износ од 85.524.421,00 денари од планираните 98.432.623,00 денари.

Ставка 425-Договорни услуги реализирани се услуги во износ од 10.847.563,00 денари од планираните 21.527.655,00 денари.

Ставка 426-Други тековни расходи реализирани се трошоци во износ од 9.762.241,00 денари, од планираните 17.227.813,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 427- Привремени вработувања, реализирани се трошоци во износ од 5.902.290,00 денари, од планираните 7.000.000,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 452-Каматни плаќања кон домашни кредитори планирани се средства во износ од 135.000,00 денари , реализирани се трошоци во износ 134.452,00 денари.

Ставка 463- Трансфери до невладини организации, реализирани се трошоци з во износ од 32.976.406,00 денари, од планираните 35.300.000,00 денари.

Ставка 464-Разни трансфери реализирани се трошоци во износ од 199.223.323,00 денари од планираните 213.070.769,00 денари.

Ставка 465- Исплата по извршни исправи бил планиран износ од 3.500.000,00 денари, реализирани се трошоци во износ од 2.094.986,00 денари.

Ставка 471-Социјални надоместоци, реализирани се трошоци во износ од 6.714.513,00 денари од планираните 6.850.000,00 денари.

***Вкупни капитални расходи:***

Ставка 480- Купување на опрема и машини, реализирани се расходи во износ од 8.029.568,00 денари од планираните 20.433.495,00 денари.

Ставка 482-Други градежни објекти, реализирани се расходи во износ од 159.066.011,00 денари од планираните 410.578.011,00 денари.

Ставка 483-Купување на мебел, не се реализирани расходи од планираните 230.000,00 денари.

Ставка 485- Вложувања и нефинансиски средства реализирани се расходи во износ од 9.203.986,00 денари од планираните 12.500.000,00 денари.

Ставка 486- Купување на возила нема реализирани расходи од планираните 17.990.000,00 денари.

Ставка 491-Отплата на главница, реализирани расходи во износ од 14.281.712,00 денари од планираните 14.282.000,00 денари.

Извршувањето на расходите на буџетската сметка за сите програми е 64,26%.Програмата А0-Совет на општината е извршен 76,51%, програмата Г1- Локален економски развој е извршена со 78,88%, Г2-Програма за развој на туризмот е извршена со 39,97% програмата ГД-Проекти за енергетска ефикасност е извршена со 51,58%, програмата Д0- Градоначалник е извршена со 76,97%, Д1- Месна самоуправа 38,29%, програмата Е0- Општинска администрација исполнета со 74,89 %,програмата ЕА-Капитални трошоци на општината е реализирана со 11,30%, програмата Ј3- Јавно осветление е извршена со 90,18 %, Ј4- Јавна чистота со 99,07% Ј6 -Одржување и

заштита на локални патишта улици и регулирање на сообраќајот е исполнета со 56,05%, Ј7-Одржување и користење на паркови и зеленило со 100%, Ј8- Други комунални услуги со 45,49%,ЈА-Изградба на јавно осветление со 8,61%, ЈГ-Изградба на системи за водоснабдување реализира е со 24,60% ЈД-Изградба и реконструкција на локалните патишта и улици со 33,26%, ЈИ-Изградба на атмосферска и фекална канализација со 34,11%,ЈЛ-Други комунални услуги (капитални расходи) е реализирана со 25,86%,ЈФ-Изградба на сообраќајна сигнализација со 23,76%,К3-Музејска и кинотечна дејност со 100%,К4-Културни манифестации и творештво е реализирана со 76,10%,КА-Културни манифестации и творештво (капитални расходи) со 61,20% ЛО-Спорт и рекреација со 99,97%, ЛА-Спорт и рекреација (капитални расходи) со 92,94%, Н1- Основно образование со 77,89%, ЊО- Противпожарна заштита со 56,07%, Р1-Заштита на животна средина и природа со 96,97%, РА-Заштита на животна средина и природа (капитални расходи) со 24,48%,Ф1- Урбанистичко планирање со 31,40%,Џ1-Родова еднаквост со 24%.

**Ставките 401,402,404 Основни плати и надоместоци** - се однесуваат на плати, надоместоци од плати и придонеси од плати за вработени , како и други надоместоци за советниците, за 12 месеци реализирани во вкупен износ од **74.057.806,00 денари** .

**Ставката 420 Патни и дневни расходи** ги опфаќа патувањата во земјата и странство на вработените во општинската администрација, градоначалникот , претставниците од советот на општината и надворешни соработници, реализирани се во вкупен износ од **272.672,00 денари.**

**Ставката 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** ги опфаќа трошоците за електрична енергија за општината, месните заедници, вода и канализација, ѓубретарина,течни горива за општината, противпожарната заштита, уличното осветлување,телефон и телефакс за општинската администрација и членовите на советот на општината, пошта, горива и масла за возилата, регистрација на моторните возила, и транспорт на луѓе (општински линиски превоз), и трошоците на училиштата реализирани преку програмата Н1-основно образование реализирана е вкупен износ од **60.919.768,00 денари.**

**Ставката 423 Алат и ситен инвентар** опфаќа : канцелариски материјал, весници, списанија и други изданија, униформи, прехрамбени артикли и пијалаци, средства за одржување на хигиена, ситен инвентар, и други материјали , и трошоците на училиштата реализирани преку програмата Н1-основно образование реализирана е со вкупен износ од **6.448.105,00 денари.**

**Ставката 424 Поправка и тековно одржување** ги опфаќа поправката на возилата и тоа лесните возила и возилата во ТППЕ , одржувањето на зградата, , дезинфекција, деритизација, , поправка и одржување на опремата ,поправка и одржување на хардверска и софтверска опрема, поправка и одржување на уличното осветление и одржување на јавните зелени површини, и трошоците на училиштата реализирани преку програмата Н1-основно образование реализирана е во износ од **85.524.421,00 денари.**

**Ставката 425 Договорни услуги** ги опфаќа осигурувањата на возилата, недвижностите и правата , изработката на просторни и урбанистички планови,

услугите за копирање и печатење, и договорни услуги од други лица (изведувачи физички лица за културни манифестации,лица вклучени за достава на решенија и др ), консултански услуги, и трошоците на училиштата реализирани преку програмата Н1- основно образование, вкупната реализација е во износ од **10.847.563,00 денари.**

**Ставка 426 Други тековни расходи** опфаќаат членарини во домашни организации, расходи за репрезентација и други опративни расходи. Реализирани се во износ од **9.762.241,00 денари,** најголем дел опфаќаат другите оперативни расходи (уплати за поднесување на завршни сметки, трошоци кон Агенцијата за катастар на недвижности за имотни листови за имот на Општина Битола,спроведување на решенија за експропријација, миење на службените возила на општината, следење на културните настани и нивно претставување во електронските медиуми, поставување и собирање на знамиња, изведувачи правни лица за културни манифестации, организирање на јавни презентации и јавни анкети за урбанистички документации др.

**Ставка 427 Привремени вработувања** е ставка за исплата на лица ангажирани во општината за вршење на административни работи и истата е реализирана во вкупен износ од **5.902.290,00 денари.**

**Ставка 452 Каматни плаќања за домашно задолжување** е реализирана во износ од **134.452,00 денари,** а се однесуваат на плаќање камата за средствата кои се повлечени како транши со заемот од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка за Проектот за подобрување на општинските услуги.

**Ставка 463 Трансфери до невладини организации и спортски здруженија** е реализирана во износ од **32.976.406,00 денари**, а се однесуваат на трансфери до здруженија и граѓани , и трансфери до спортски клубови за подршка и реализација на нивните програми.

**Ставката 464 Разни трансфери** опфаќа плаќања во вкупен износ од **199.223.323,00 денари** и тоа за плаќања по судски решенија , за трансфери при пензионирања,трансфери по основ на решенија за боледување подолго од 6 месеци, трансфер до Центарот за развој на Пелагонискиот регион според бројот на жителите, рефундирање на трошоци на учениците за превоз, партиципација за згрижување на деца на самохрани родители во градинките, трансфери по основ на субвенции за клима уреди-инвертери,трансфери за културни манифестации од програмата за Култура за 2020 година и др.

**Ставката 465 Исплата по извршни исправи** опфаќа плаќања во вкупен износ од **2.094.986,00 денари** и тоа за плаќања на извршни исправи,трошоци и камати по извршни исправи.

**Ставка 471 Социјални бенифиции** реализирана е во износ од **6.714.513,00 денари** е наменета за помош на лица - социјални случаеви по решение од комисија за финансии и буџет или решение од градоначалник , а во согласност со Одлуката за определување на критериумите за распределба на средства, како финансиска помош од Општина Битола.

**Ставка 480 Купување на опрема и машини** реализирана е со износ од **8.029.568,00 денари** и ги опфаќа купување на информатичка и видео опрема за

потребите на општината,набавени се интерактивни табли за училиштата,компјутерска опрема,набавка на платформа за инвалидски колички,камин за ОУ Александар Турунџев,купување на сообраќајни знаци, направи за смирување на сообраќајот,набавка на ПП апарати за ТППЕ,општината и др.

**Ставката 482 Други градежни објекти** е наменета за капиталните расходи (улици, патишта, водоводи,канализација и др објекти ) на општината и е реализирана со вкупен износ од **159.066.011,00 денари.**

**Ставката 485 Вложувања и нефинансиски средства** реализирана е во износ од **9.203.986,00 денари** за надомест за експропријација, за купување на комјутерски софтвер, лиценци и др.

**Ставка 491 Отплата на главнина** реализирана е во износ од **14.281.712,00 денари**, за отплата на четврта и петта рата главнината за кредитот од Светска банка за АРМ четврт 1 и 2.

**На сметката Самофинансирачки активности на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **117.960.220** | **38.513.610** |
| **40 Плати, наеминини и надоместоци** | **2.300.000** | |
| 401 Основни плати и надоместоци | 1.670.400 | |
| 402 Придонес за социјално осигурување | 629.600 | |
| **42 Стоки и услуги** | **94.069.220** | **34.665.531** |
| 420 Патни и дневни расходи | 1.777.500 | 92.417 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 15.337.900 | 8.662.156 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 39.887.400 | 16.578.130 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 16.459.520 | 2.973.681 |
| 425 Договорни услуги | 13.952.900 | 4.734.761 |
| 426 Тековни расходи | 6.454.000 | 1.624.386 |
| 427 Привремени вработувања | 200.000 | |
| **46 Субвенции и трансфери** | **1.060.000** | **19.210** |
| 463 Трансфери до невладини организации | | |
| 464 Разни трансфери | 1.060.000 | 19.210 |
| **48 Капитални расходи** | **20.531.000** | **3.828.869** |
| 480 Купување на опрема и машини | 10.058.000 | 3.000.038 |
| 481 Градежни објекти | 360.000 | |
| 482 Други градежни објекти | 3.720.000 | |
| 483 Купување мебел | 5.380.000 | 732.712 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 1.013.000 | 96.119 |




**сл.5 Вкупни расходи сметка Самофинансирачки активности**

Вкупни тековно оперативни и капитални расходи за сметката **Самофинансирачки активности** се реализирани со 38.513.610,00 денари од планираните 117.960.220,00 денари или 32,65 % и тоа:

Ставка 401- Основни плати планирани се трошоци во износ од 1.670.400,00 денари, не се реализирани средства .

Ставка 402- Придонеси за социјално осигурување од работодавачите планирани се трошоци во износ од 629.600,00 денари не се реализирани средства.

Ставка 420- Патни и дневни расходи планирани се трошоци од 1.777.500,00 денари, реализирани се 92.417,00 денари.

Ставка 421- Комунални услуги греење и транспорт планирани се трошоци од 15.337.900,00 денари, реализирани се 8.662.156,00 денари.

Ставка 423 - Материјали и ситен инвентар планирани се трошоци во износ од 39.887.400,00 денари реализирани се 16.578.130,00 денари.

Ставка 424- Поправки и тековно одржување планирани се трошоци во износ од 16.459.520,00 денари, реализирани се 2.973.681,00 денари.

Ставка 425- Договорни услуги планирани се трошоци во износ од 13.952.900,00 денари реализирани се во износ од 4.734.761,00 денари.

Ставка 426- Други тековни расходи планирани се трошоци во износ од 6.454.000,00 денари, реализирани се 1.624.386,00 денари.

Ставка 427-Привремени вработувања планирана е со износ од 200.000,00 денари, нема реализација до крајот на годината.

Ставка 464-Разни трансфери планирани се средства во износ од 1.060.000,00 денари,реализирани се средства во износ од 19.210,00 денари.

Ставка 480 - Купување на опрема и машини од планираните 10.058.000,00 денари, реализирани се 3.000.038,00 денари.

Ставка 481 - Градежни објекти, планирани се трошоци во износ од 360.000,00 денари,не се реализирани трошоци.

Ставка 482 - Др.градежни објекти, планирани се трошоци во износ од 3.720.000,00 денари, не се реализирани трошоци.

Ставка 483- Купување на мебел од планираните средства во износ од 5.380.000,00 денари, реализирани средства во износ од 732.712,00 денари .

Ставка 485- Вложувања и нефинасиски средства од планираните 1.013.000,00 денари, реализирани се средства во висина од 96.119,00 денари .

Извршувањето на расходите од сметката Самофинансирачки активности од В1- Детски градинки со 23,68 %, В2- Дом за стари лица со 67,74%, К3-Музејска и кинотечна дејност програмата е со 20,40 %,Н1- Основно образование со 10,36%, и Н2-Средно образование со 21,26%.

**На сметката Донации на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **142.539.357** | **35.794.001** |
| **42 Стоки и услуги** | **38.557.264** | **7.525.153** |
| 420 Патни и дневни расходи | 16.789.661 | 2.376.639 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 394.372 | 49.060 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 2.352.514 | 494.325 |
| 424 Поправка и тековно одржување | 22.033 | |
| 425 Договорни услуги | 13.063.681 | 4.191.629 |
| 426 Тековни расходи | 5.935.003 | 413.500 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **17.646.082** | **7.742.530** |
| 463 Трансфери до невладини организации | | |
| 464 Разни трансфери | 17.646.082 | 7.742.530 |
| **48 Капитални расходи** | **86.336.011** | **20.526.318** |
| 480 Купување на опрема и машини | 12.204.598 | 4.400.188 |
| 482 Други градежни објекти | 61.325.861 | 11.373.083 |
| 483 Купување мебел | 30.000 | |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 2.059.500 | 1.423.222 |
| 486 Купување на возила | 10.716.052 | 3.329.825 |




**сл.6 Вкупни расходи сметка Донации**

Од планираните расходи од Донации реализирани се средства од:

**Донациите** во основните, средните училишта, зоолошката градина, градинките се рализирани во износ од 8.755.591,00 денари од планираните 44.092.044,00 денари или 19,86 %.

**Донација Кино култура** од планираните 12.148.095,00 денари реализирани се средства од 7.437.044,00 денари или 61,22%.

**Донација Бенефит** од планираните 24.308.464,00 денари реализирани се средства во висина од 895.662,00 денари или 3,68%.

**Донација Интеграција зелен транспорт** од планираните 12.172.460,00 денари реализирани се средства во висина од 10.921,00 денари или 0,09%.

**Донација Европа на врата** од планираните 166.246,00 денари,реализирани се 166.246,00 денари или 100%

**Донација Смарт-кул-тур** од планираните 13.183.740,00 денари,реализирани се 10.101.571,00 денари или 76,62%.

**Донација - Креирање на можноста за работа за сите** од планираните 1.231.200,00 денари, реализирани се средства во висина од 673.600,00 денари или 54,71%.

**Донација -ОКР СРЦ 19** од планираните 432.000,00 денари, реализирани се средства во висина од 351.000,00 денари или 81,25%

**Донација -Грант на успешност улици во Д.Оризари-**од планираните 7.351.065,00 денари реализирани се средства во износ од 6.849.090,00 денари или 93,17%.

**Донација -Реконструкција на постоечко спортско игралиште во ромската населба Баир** од планираните средства средства во износ од 695.544,00 денари реализирани се средства во износ 553.276,00 денари или 79,55%.

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

### 3.Извештај за средствата , побарувањата, обврските, и изворите на средствата и нивната вредност

Општината при изготвувањето на Завршната сметка покрај Билансот на приходи и расходи изготвува и Биланс на состојба кој е потребно да се преточи во објаснување во овој дел на Извештајот.
Податоците кои се утврдени во Билансот на состојбата реално ја прикажуваат имотната состојбата на општината.
За изготвување на Билансот на состојбата пореално, беа формирани пописни комисии со решение од страна на Градоначалник , со цел да ја утврдат состојбата на недвижниот имот, основните средства, и ситниот инвентар како и побарувањата и обврските на Општината.

Централната комисија за попис е во состав:
Вера Китановска - Претседател
Јасминка Бакиќ- зам.претседател
Ленче Петровска член
Марија Поповска зам. член
Снежана Петровска - член
Наташа .Т.Поповска - зам. член

Според извештајот на Централната комисија за попис, комисијата за недвижности совесно и одговорно ја извршила својата задача и обезбедила податоци за постоечкиот имот кој се води во катастарските книги на Општина Битола.

| | |
|---|---|
| **Други нематеријални права** | 7.490.301,00 денари |
| Исправка на вредноста на др. нематеријални права | 6.465.645,00 денари |
| **Сегашна вредност** | **1.024.656,00 денари** |

Вредноста на други нематеријални права ги опфаќа софтверите кои ги употребуваат вработените во општина Битола ( софтвер за подземен катастар, софтвер за финансиско работење, за архивско работење, за следење на финансиската документација, софтвер за одобренија за градба, софтверот за работа на новото јавно претпријатие,нов сервер, софтвер за подршка на бекап податоците,софтвер за аплицирање за инвертер клими, антивирусна програм,лиценца за постоечките компјутери и др).

| | |
|---|---|
| **Земјиште за друга намена** | **97.728.126,00 денари** |

Вредноста на земјиштето за друга намена е земјиштето кое Општина Битола го има откупено од физички лица по пат на експропријација и донација полигон за обука на возачи (кп бр 33/2 одобрение за градба уп 30-222/2018 од 30.11.2018).

| | |
|---|---|
| **Градежни објекти** | 834.018.800,00 денари |
| Исправка на вредноста | 61.578.603,00 денари |
| **Сегашна вредност на градеж.објекти** | **772.440.197,00 денари** |

Вредноста на градежните објекти се однесува на објекти на општината, објекти во урбаните заедници, пречистителната станица во ИЗ Жабени, објекти во касарната, 17 монтажни киосци на шеталиште, Спортска сала Младост, Офицерски дом и Работнички универзитет Крсте.П.Мисирков, Дом за доенчиња и мали деца ( Одлука на Влада број 45-8931/1 од 10.12.2019 година) и други.

| | |
|---|---|
| **Станови и деловни објекти** | 97.289.600,00 денари |
| Исправка на вредноста | 31.917.554,00 денари |
| **Сегашна вредност на објектите** | **65.372.046,00 денари** |

Вредноста на становите и деловни објекти се однесува на 8 станови во сопственост на Општина Битола , 4 дуќани , поранешно детско одморалиште Пелистер, вториот дел од зградата на поранешно Радио Битола, ќумурното игралиште, фудбалското игралиште во с. Горно Оризари, фудбалското игралиште во ОУ Даме Груев, две тениски игралишта (позади градскиот стадион),единечно тениско игралиште и др.

Во Билансот на состојба се искажани следните податоци кои се совпаѓаат со извештајот на пописната комисија.

**Опрема** 112.713.071,00 денари
Исправка на вредноста
на опремата 93.764.457,00 денари
**Сегашна вредност 18.948.614,00 денари**

**Други материјални средства 22.818.774,00 денари**

Другите материјални средства ја евидентираат вредноста на спомениците на културата (споменикот на Филип, споменикот Ангел на бранителите, и споменикот на Александар Турунџев) и дела на ликовната уметност ( слики ) со кој располага општината.

**Инвестиции во тек 273.874.032,00 денари**

Во инвестиции во тек останувaaт во евиденција: изградбата на Киното Манаки со зголемена вредност за извршените активности во 2020 година, топловодот и реконструкцијата на градскиот Стадион под Тумбе кафе кој ја зголемува вредноста на инвестициите во тек за изведените активности во 2020 година.

**Долгорочни финансиски вложени**
**и здружени средства 1.933.351.527,00 денари**

Во оваа категорија е основачки влог на Општината Битола во јавните претпријатија, локалните јавни установи , Центар за развој на Пелагониски регион и спортските клубови.

Според извештајот на третата комисија за побарувања и обврски се констатираа следните состојби :

**Непокриени трошоци 92.831.134,00 денари**
Непокриените трошоци се однесуваат на примени средства по основ на долгорочен кредит за изградба на комплетна инфраструктура во АРМ- четврт 1 и 2.Со напомена дека веќе се отплатени пет рати од главниот долг.

**Пари на жиро сметка 378.306.533,00 денари**
**Парични средства во касата**
**Бонови за гориво 255.000,00 денари**

**Побарувањата се однесуваат на:** побарувања по основ на данок на имот за правни и физички лица е во износ од **150.317.210,00 денари**,побарувања по основ на издаден простор под закуп од деловни објекти и издавање на рекламни паноа **3.220.132,00 денари**, побарувања за користење на земјиште за поставена урбана опрема **2.461.352,00 денари**.
Комисијата во соработка со стручните служби констатира дека како други побарувања се побарувања по основ комунална такса за истакнување на фирма,комунална такса за музика за јавни локали,комунална такса за користење простор пред деловни

простории,неплатен данок за наследство и подарок во износ од **130.353.429,00 денари**, и побарувања по основ на заведени судски спорови во износ од **8.438.790,00 денари**.

**Други краткорочни побарувања од службениците во општинската администрација** **164.139,00 денари.**

Побарувањата се однесуваат на дадени верни картички за бензин на шоферите и вработените во општината и ТППЕ единицата кои се задолжени за возилата и средства за патарини.

**Побарувања за дадени аванси,депозити и кауции** **5.096,00 денари**
Се однесуваат за повеќе платени фактури кон ЕВН.

**Други меѓусебни побарувања во односите со буџетот и фондовите** **82.084.239,00 денари.**

Побарувањата се од основните и средни училишта во чие име и сметка Општината измирила обврски(ел.енергија,превоз,нафта (53.065.095,00), побарувања од Агенцијата за рурален развој за урбанистички планови во село Дихово и Нижополе од 2016 година (1.063.080,00 денари), и побарувања од МТВ за комунална инфраструктура во населба Баир и Баденбалари во износ од 34.401,00 денари,побарувања на средства од Агенцијата за рурален развој за капитални инвестиции за изградба на пат во с. Маловишта 16.275.556,00 денари, излетничко место во с. Лопатица 5.093.665,00 денари, инвестиција за настрешници во пазарот 5.757.052,00 денари,побарувања од Министерство за животна средина и просторно планирање за изработка на колектор за фекални води во Бегова чешма (795.390,00 денари).

**Обврските кон добавувачите во земјата на Општина Битола** **135.378.250,00 денари.**

Обврските се однесуваат за отворени обврски за кои фактурите или ситуациите стигнале со задоцнување , и за фактури кои пристигаат во први месец 2021 година, а се однесуваат за 12-ти месец 2020 година (126.306.996,00 денари).Сите обврски доспеваат или имаат рок за плаќање во 2021 година. Обврските се однесуваат и на обврски кон добавувачи -правни лица кои истовремено се и гаранции од правните лица за извршената работа на капиталните инвестиции на општината.(КЈП Нискоградба 6.511.772,00 денари).Обврски за судски постапки во тек и завршени со добиени судски пресуди во најголем дел се однесуваат на судски спорови со вработените во ТППЕ - Битола 2.191.082,00 денари, и спорни обврски за експропријација во износ од 368.400,00 денари.

**Обврски спрема добавувачи- граѓани** **332.100,00 денари.**
Тоа се обрски кон изведувачот на споменикот за поставување на споменикот на Александар Турунџев.

**Краткорочни финансиски обврски** во износ од **14.415.697,00 денари.**
Во овие обврски се евидентираат, обврските на Општина Битола за враќање на парите од Заемот од Светска банка за АРМ четврт 1 и 2 кои се доспеани за плаќање или доспеваат во наредната година и тоа главница и камата.

**Други краткорочни финансиски обврски** во износ од **552.414,00 денари.**
Тоа се обврските за нето износот на надоместок за советниците за месец 12-ти месец 2020 година, кој се исплаќа во јануари 2021 година.

**Други краткорочни финансиски обврски**
**во буџетот во износ од 537.532,00 денари.**
Тоа се евидентирани повеќе уплатени средства од корисниците на општински деловен простор.

**Обрските спрема државата и други институции 98.280,00 денари.**
Ја опфаќа обврската за плаќање на персонален данок за надоместокот на советниците за 12-ти месец 2020 година и обврската за персонален данок за авторското дело за поставување на споменикот на Александар Турунџев.

**Пресметка и обврски за плати 5.283.671,00 денари.**
Обрските се однесуваат на неисплатената плата на општинската администрација за 12-ти месец 2020 година.

**Материјали на залиха 4.507.270,00 денари.**
Се однесуваат на материјали, за новогодишно украсување, канцелариски материјал и др.
**Ситниот инвентар и неговата исправка** се со износ од **8.723.389,00 денари.**

**Во класата 9- Извори на средства и**
**вонбилансна евиденција 3.282.896.376,00 денари**.

Во класата 9 се евидентирани сегашните вредности на нематеријалните, материјалните добра, основачките влогови на општината во локалните јавни установи и објектите дадени на користење на општината од Владата на Р.М, дел од капиталните инвестиции на општината (изградени водоводни и канализациони системи на улиците во АРМ - четврт 1 и 2,колектор на Бегова чешма, градскиот Стадион под Тумбе кафе, изградба на Кино Манаки,изградба и реконструкција на водоводни системи , канализациона мрежа и коловози во општина Битола, залихата на материјали за новогодишно украсување и канцелариски материјали, објекти и спортски објекти во сопственост на Општина Битола,добиените средства од домашно задолжување, возниот парк на Општина Битола , опремата , канцелариски мебел и др.
При прегледот на заведени судски спорови спрема општината утврдени се заведени спорови
за надомест на штета без определена вредност (физички лица за експропријација) и др.

## 4. Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотации за делегирани надлежности

Извештајот за реализација на инвестиционите програми ја содржи групата 48 Капитални расходи или ставката 482 која ги опфаќа; подготвување на проекти за улици, патишта, пречестителни станици, водоводи, енергетика, и други објекти, изградба и реконструкција на улици и патишта, изградба и реконструкција на водоводи, изградба и реконструкција на пречестителни станици, изградба и реконструкција на капацитети во енергетиката и е реализирана во износ од **159.066.011,00 денари**.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за улици,и патишта** потрошени се средства во износ од **6.729.703,00 денари** .Изработени се проект за дистрибутивна гасоводна мрежа, проект за смирување на сообраќај пред ОУ Даме Груев и ДГ Пролет, проект за управување со сообраќај на улица Васко Карангелевски, проект за инфраструктура на улица Партизанска и улица Струшка,проект за изградба на коловоз локален пат с. Раштани, проект за организирање зонско паркирање,проект за реконструкција на локален пат с.Барешени, проект за реконстукција на улица Цане Василев, изработка на студија и идден проект за улица Довлеџик, ревизија на проект за локален пат с. Острец,елаборат за заштита на животната средина за реконструкција на локален пат с. Магарево,проект за реконструкција на коловоз на улица Тошо Даскало,проект за режим на сообраќај на улица Крушевска република, проект за реконструкција на улица Цане Василев и Ари Ангеловски,основен проект за режим на сообраќај на улица Довлеџик , ревизија на проект за одржување и употреба на коловоз на улица Димитар.И.Мурато, проект за изградба на локален пат во с. Острец,основен проект за реконструкција на локален пат с. Магарево, ревизија на проект за реконструкција на пат во с. Брусник, геодетски елаборати за улици во с. Поешево, с. Меџитлија, с. Бистрица, с. Ротино, с. Кравари, с. Логоварди, с. Жабени, проект за реконструкција на линиска инфраструктура на улици Риечка- Струшка , проект за реконструкција на линиска инфраструктура на улица Кленовец, проектна документација за реконструкција на улица Љубојно, улица Сутјеска и др.

**Изградба и реконструкција на улици и патишта** потрошени се средства во износ од **44.989.714,00 денари**. Вложени се средства за изградба и реконструкција на следните улици:Крушевска република, Бранко Радичевиќ, дел од улица Ѓ.С.Џоџа,улици во Долно Оризари,реконструкција на локален пат с. Маловишта,санација на тротоари и партерно уредување,крпење на ударни дупки,поставување на гранитни плочки во старата Битолска чаршија и Широк сокак, реконструкција на улица Илинденска, реконструкција на улица Партизанска од Веро до улица М.А.Ченто,санација на тротоари и партерно уредување и др.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за пречистетилни станици и колектори** потрошени се средства во износ **од 196.118,00 денари** и тоа за изработка на елаборат за заштита на животната средина за канализациона инфраструктура во с. Брусник,ревизија на проект за канализација во с. Трново,ревизија на проект за канализација во с. Брусник,ревизија на проект за реконструкција на мешовита канализација на улица Струшка, ревизија на проект за атмосферска канализација на улица Довлеџик,ревизија на проект за реконструкција на мешовита канализација на улица Пробиштип,Кленовец, Џоџа и др.

**Изградба и реконструкција на пречестителни станици и колектори** потрошени се средства во износ од **17.792.241,00 денари,** за изработка на секундарна канализација во с. Трново,изведба на атмосферска и фекална канализација пред Офицерски дом,изработка на приклучоци за мешовита канализација на улица Илинденска, изградба на атмосферска канализација на улица Крушевска република,санација на мешовита канализација на дел од улица М.Нахмијан Лазо,чистење на коритото на р. Курделес од улица Јадранска над ОУ Климент Охридски,санација на канализациона мрежа,решетки и сливници на улица 21-ва, Девеани, Ленинова, Горно Оризари, реконструкција на мешовита канализација на

улица Тошо Даскало,санација на приклучок за канализација и дренажа за ОУ Крсте.П.Мисирков, изработка и поставување на шахти во с. Долно Оризари, реконструкција на мешовита канализација на улица Бранко Радичевиќ, машинско чистење на земјени канали во с. Логоварди, изработка на приклучоци за канализација на улица Илинденска, изработка на седум атмосферски решетки низ градот,изработка и поставување на шахти во Долно Оризари,изработка на приклучоци за фекална и атмосферска канализација на улица Партизанска,изработка на шахти и дел од канализација на улици во с. Долно Оризари,чистење на реката Драгор и зидање камен на оштетени зидови и др.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за капацитети за водоснабдување** потрошени се средства во износ од **41.206,00 денари**, за ревизија на проект за водоводна и хидратанска мрежа на улица Ари Ангеловски, геодетски елаборат за резервоар во с. Лавци, ревизија на проект за водовод на улиците Пробиштип и Ѓ.Џоца, ревизија на основен проект за изградба на водовод на улица Довлеџик,геодетски елаборат за ажурирана подлога за водовод во с. Брусник, ревизија на проект за водовод на улиците Кленовец и Тошо Даскало и др.

**Изградба и реконструкција на капацитети за водоснабдување** потрошени се средства во износ од **4.604.800,00 денари** и тоа:водоводен приклучок за пречестителна станица во с. Трново,пумпна станица во с. Лисолај, реконструкција на водоводна линија за Офицерски дом, реконструкција на водоводни приклучоци во с.Долно Оризари, реконструкција на водоводна линија на улица Бранко Радичевиќ, реконструкција на водоводна линија во ОУ Елпида Караманди,санација на водоводна инсталација во СОУ Јосип.Б.Тито,реконструкција на водоводна канализација на улица Крушевска република и др.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за капацитети за енергетика** потрошени се средства во износ од **5.077.657,00 денари**, за проект за дистрибутивна гасоводна мрежа во корелација со топлификација,проект за каблирање на постоечки 35 КВ кабел на траса, подготвување на проект за реконструкција на улично осветление за улица Рузвелтова и Д.И.Мурато,геодетски елаборат за нумерички податоци за дел од гасоводен систем и др.

**Изградба и реконструкција на капацитети во енергетиката** потрошени се средства во износ од **5.887.443,00 денари** и тоа:термотехнички инсталации во Кино Манаки,изградба на улично осветление на Крушевска република,изградба на улично осветление на улиците Д.И.Мурато,Џоца,улица 13-ти јули,замена на трафостаница во населба Бадембалари, одржување на инсталации за греење во основните и средни училишта, градинките и општинската зграда, одржување на инсталации за греење во Кино Манаки и др.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за други објекти** потрошени се средства во износ од **3.341.101,00 денари,** и тоа за проект и ревизија на проект за изградба на детска градинка, дополнување на проектна документација за фудбалско игралиште во с. Лопатица,проект за реконструкција на спортски терени во дворот на ОУ Тодор Ангелевски, изработка на елаборат за надградба на објект за ДГ Пролет,конзерваторски проект за адаптација на Офицерски дом, дополнување на основен проект за адаптација на Офицерски дом-партерно уредување,елаборати за ажурирана геодетска подлога за ДГ Пролет,ОУ Коле

Канински, ДГ Коца Василева,ОУ Климент Охридски, Хотел Битола, дел од парк Стив Наумов, МЗ Кочо Десано,спортска сала Боро Чурлевски,Тумбе кафе, Модуларна болница, МЗ Борис Бастеро,легализација на кат во општинската зграда и др.

**Изградба и реконструкција на  други објекти** потрошени се средства во износ од **69.104.311,00 денари** и тоа за:изградба на Кино Манаки,изработка на ентериер за Кино Манаки,реконструкција и изградба на градски стадион под Тумбе кафе,градежно-занаетчиски работи во основните и средни училишта,адаптација на спортски терен во дворот на ОУ Кирил и Методиј,санација и партерно уредување на споменик од НОБ во с. Бистрица,изработка на потпорен зид  и решетка на улица Крушевска република,санација на потпорен зид на улица Девејани,санација на тоалети во ОУ Елпида Караманди,реновирање на ограда на Ќумурното игралиште,занаетчиски работи на мост на река Драгор пред с. Долно Оризари,санација на простории во УЗ Димитар Влахов,МЗ Логоварди,санација на паркет во спортска сала Боро Чурлевски,Зоолошката градина  и др.

**Надзор над изградбата на претходно споменатите  проекти** потрошени се се  средства во износ од **1.301.717,00 денари.**

**На сметката  Дотации на Општина Битола планирани се и реализирани следните приходи**

| | **Планирани** | **Реализирани** |
|---|---|---|
| **Вкупно Приходи** | **886.752.751** | **833.356.309** |
| **74 Трансфери и донации** | **886.752.751** | **833.356.309** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 886.752.751 | 833.356.309 |




**сл.7 Вкупни приходи сметка Дотации**

Приходите на оваа сметка се остварени по основ на Трансфери од други нивоа на власт односно од соодветните Министерства на локалните јавни установи  , и пренесениот вишок на приходи од претходната година.

**На сметката Дотации на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **886.752.751** | **745.284.378** |
| **40 Плати, наеминини и надоместоци** | **765.258.478** | **702.808.166** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 554.940.902 | 505.782.120 |
| 402 Придонес за социјално осигурување | 210.317.576 | 197.026.046 |
| **42 Стоки и услуги** | **78.821.853** | **38.451.954** |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 37.069.062 | 22.038.467 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 5.182.382 | 2.183.051 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 11.758.421 | 3.401.706 |
| 425 Договорни услуги | 23.954.592 | 10.519.420 |
| 426 Др.тековни расходи | 857.396 | 309.310 |
| **48 Капитални расходи** | **42.672.420** | **4.024.258** |
| 480 Купување на опрема и машини | 6.906.623 | 2.685.116 |
| 482 Др.градежни работи | 34.875.797 | 951.882 |
| 483 Купување на мебел | 890.000 | 387.260 |




**сл.8 Вкупни расходи сметка Дотации**

***Корисници на средства од наменска и блок дотација:***

Вкупните тековни оперативни расходи за корисниците на средствата од сметката за наменската и блок дотација се во износ од 745.284.378,00 денари од планираните 886.752.751,00 денари или 84,05% и тоа:

Ставка 401- Основни плати реализирани се расходи од 505.782.120,00 денари, од планираните 554.940.902,00 денари.

Ставка 402-Придонеси за социјално осигурување од работодавачите е со реализирани расходи во износ од 197.026.046,00 денари, од планираните 210.317.576,00 денари.

Ставка 421-Комунални услуги, комуникација и транспорт, реализирани се трошоци во износ од 22.038.467,00 денари од планираните 37.069.062,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 423-Материјали и ситен инвентар, реализирани се трошоци во износ од 2.183.051,00 денари, од планираните 5.182.382,00 денари.

Ставка 424-Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во износ од 3.401.706,00 денари, од планираните 11.758.421,00 денари.

Ставка 425-Договорни услуги реализирани се услуги во износ од 10.519.420,00 денари, од планираните 23.954.592,00 денари.

Ставка 426-Други оперативни расходи од планираните 857.396,00 денари, реализирани се трошоци во износ од 309.310,00 денари.

Ставка 480-Купување на опрема и машини е планирана со износ од 6.906.623,00 денари, реализирана е со износ од 2.685.116,00 денари.

Ставка 482-Други градежни објекти бил планиран износ од 34.875.797,00 денари, реализирани се средства во износ од 951.882,00 денари.

Ставка 483-Купување на мебел бил планиран износ од 890.000,00 денари, реализирани се средства во износ од 387.260,00 денари.

Извршувањето на расходите од сметката за наменска и блок дотација за програмата В1- Детски градинки е 65,48%, В2- Дом за стари лица 61,36 %, К3- Музејска и кинотечна дејност е 93,45% Н1- Основно образование со 96,45%, Н2- Средно образование со 75,33 %, и програмата Ѓ0- Противпожарна заштита со 89,62 %.

Резултатите во 2020 година не ќе беше можно да бидат постигнати без соодветна подршка на Советот на Општина Битола. Советот одржа вкупно 20 седници на кои беа разгледани 428 точки. Навременото и ефикасно донесување на одлуките позитивно влијаеше врз реализацијата на програмите на Општината.

Постигнатото го реализираше општинската администрација, организирана во 6 сектори, 20 одделенија и една единица, со организиран едношалтерски систем на услуги за делокругот на обврските на локалната самоуправа.

**Бр 09-25/5**
**15.03.2021 год.**
**Битола**

**Сектор за финансиски прашања**
**на Општина Битола**